Врз основа на член 66 став (7) од Законот за шумите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/2009), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЗА СОПСТВЕНИ ПОТРЕБИ СО ОГРЕВНО ДРВО НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА ОД ДРЖАВНА ШУМА, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ИСЕЧЕНАТА ДРВНА МАСА

### Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на обезбедување за сопствени потреби со огревно дрво на физички лица од државна шума, како и формата и содржината на образецот за евиденција на исечената дрвна маса

### Член 2

Сеча во државна шума од страна на физички лица заради обезбедување за сопствени потреби со огревно дрво може да се врши само на предвидена сеча утврдена со посебните планови за стопанисување со шуми во соодветна календарска година, освен во период од 1 јули до 31 август.

### Член 3

Евиденција на исечена  дрвна маса во државна шума од страна на физички лица се води на образац во А4 формат кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

### Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на обезбедување за сопствени потреби со огревно дрво на физички лица од државна нискостеблеста шума, количината на огревното дрвот, како и формата и содржината на образецот за евиденција на исечената дрвна маса („Службен весник на Република Македонија“ број 131/08)

### Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. ___________

_________________ година

Скопје

**Министер**
**за земјоделство, шумарство**
**и водостопанство,**
**Љупчо Димовски**

ПРИЛОГ

ЕВИДЕНЦИЈА НА СЕЧА ВО ДРЖАВНА ШУМА ОД СТРАНА НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА

| ред бр. | име и презиме | адреса | дата на поднесено барање | количина м3 | единствен матичен број |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |